# Известување за медиуми бр. 2:

## Податоци од анкета на население за непријавената работа во Македонија




Во текот на месец октомври 2014 година, Центарот за истражување и креирање на политики **(ЦИКП)** спроведе **теренска анкета на репрезентативен примерок од 1116 испитаници** на територијата на Република Македонија со цел да ги утврди различните форми на *скриени економски активности*. Во прилог се податоците кои се однесуваат на пријавувањето работници, исплаќањето на придонеси, како и дополнителни индикатори кои укажуваат на обемот и формите на манифестирање на непријавената работа.

Непријавената работа вообичаено се манифестира преку непотпишување на договор со работникот и неисплаќање на неговото задолжително социјално осигурување. Но, може и да се манифестира преку потпишување на договор со скриени клаузули (на пр. платата наведена во договорот е на една сума, а усмено се договара дополнителна исплата во готово или пак враќање на дел од сумата на работодавецот) и следствено – неисплаќање на социјалните придонеси во висина од реалната плата.

Резултатите од анкетата укажуваат дека:

- Од испитаниците кои имаат основно вработување:
  - **84% *имаат* потпишано договор за работа со работодавачот**;
  - **10% во текот на претходниот месец имаат добиено дел од платата 'во готово'**.
- Од испитаниците кои имаат дополнително вработување
  - **80% *немаат* потпишано договор за работа со работодавецот;**
  - **над 50% не пријавуваат ниту пак плаќаат персонален данок за дополнителната дејност.**

**График 1 - Основ за исплаќање на социјалните придонеси**




Проектот е финансиран од Европскиот Инструмент за Демократија и Човекови Права (EIDHR)

Дополнително, и кај оние кај кои се исплаќаат придонеси за социјално осигурување, основот за нивна исплата е различен. На секој трет работник му се исплаќаат придонеси на сума пониска од реалната месечна плата. Најчесто придонесите се исплаќаат врз основа на минималната плата, додека работникот го добива остатокот од платата или во готово или врз основа на дополнителен договор на кој не се плаќаат придонеси.

Иако одговорноста за непотполното исплаќање придонеси најмногу лежи кај работодавачите, дел од вината сносат и работниците кои ги прифаќаат таквите услови. Резултатите покажуваат дека **над 20% од испитаниците би прифатиле да работат непријавени доколку земаат повисока плата** (График 2).

График 2 - (Не)согласување со тврдењето: Поради би бил непријавен работник со повисока плата отколку пријавен со пониска плата




Овој став е значително поврзан со финансиската состојба на испитаниците, со тоа што **оние со пониски приходи на домаќинството во поголем број би прифатиле непријавена работа (со повисока плата) во споредба со оние со повисоки приходи на домаќинството** (График 3).

График 3 - (Не)согласување со тврдењето: Порадо би бил непријавен работник со повисока плата отколку пријавен со пониска плата и месечни приходи на домаќинството




Овие наоди одат во прилог на аргументот дека непријавената работа е во голем степен поврзана со високото ниво на сиромаштија и од страна на работниците се користи како механизам за справување со тешката финансиска ситуација и преживување на семејствата од ден за ден. Покрај тоа, фактот дека **над 50% од испитаниците изјавуваат дека задолжителното здравствено и социјално осигурување не им обезбедуваат доволно чувство на сигурност**, може да се смета за дополнителна причина за прифаќањето на непријавена работа.

Проектот е финансиран од Европскиот Инструмент за Демократија и Човекови Права (EIDHR)